


**Сеќавање: ВО ПРЕСРЕТ НА ОВОГОДИШНИТЕ СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА**

Во августовска летна вечер глетката беше волшебна. На столбовите се вееја читириесетина знамиња од повеќе држави, а разнобојните свитилки се отсликуваа во црнодримските води, по кои со едрилички пловеа младите стружки кајакари, а на тревнатите кејови беше се собрале сите жители на Струга, од околните предградија и сите вљубеници на поезијата. Тука на „Мостот на поезијата“, на тој поетски аудиториум седнати се сите поети кои треба да настапат со своја поезија. Тука меѓу австралиската поетеса Катрин Калагер, од едната страна и овогодишниот добитник на наградата „Браќа Миладиновци“, Петко Дабески, од другата страна, седнав и јас. Пред да настапам ми беше предложено да изберам дали сакам да настапам како „Југословен“ или „Австралијанец“, јас без двоумење го одбрав второто.

И, еве, како наеднаш небото да се отвори на ова мое најубаво светско поднебје, повикан бев и јас да прочитам своја песна.  ... Трпоски, Австралија и песната „Сонародничка порака“! Во моментот како некоја вртоглавица да ми се втропачи во мислата, па се запрашав: „Што, зарем и јас ќе застанам на овој интернационален поетски мегдан да им прочитам стихови на моите браќа и сестри Македонци и Македонки?“

Да! Тоа и се случи. Иако мислев мојот глас ќе покаже непослушност и ќе ме издаде, сепак тој издража до крај и песната најчувствително ја прочитав. Одеднаш по читањето грмнаа илјадници грла и уште толку раце се здружија за да ми аплаудираат, мене на нивниот сограѓанин, кој пред да прелетам во Австралија, постанав жител на Струга заради вработување, кое никогаш не го добив. Но никогаш не сум се откажал од оваа земја и од овој народ. И, еве, многугодишната желба најпосле ми беше остварена. Јас на ова поетско светилиште рамо до рамо со сите интернационални поети, првата професионална поетска бразда овде ја изорав. Но оваа поетска мисија не е само мој труд и моја желба, но таа е труд и заедничка желба на Литературното друштво „Григор Прличев“ од Сиднеј, на Друштвото на писатели на Македонија, на Советот на струшките вечери на поезијата и на Матицата на иселеници од Македонија.

По завршувањето на манифестацијата, моите роднини и пријатели најтопло ми честитаа, ме прегрнуваа... Ќерка ми Билјана се радуваше, а татко ми плачеше. И мене ми навреа солзи во очите, радосно, прерадосно чувство. За еден неискусен поет да застане и презентира свои стихови на овој светски поетски аудиториум заедно со познати поети професионалци, академци, тоа е повеќе од успех. Вечерта, убаво е да спомнам, бев поканет на свечената трпеза што ја имаше припремено во чест на шестмината поети од Австралија претседателот на републичката комисија за странство д-р Борис Петковски. Ете, ова е само дел од Поетскиот настан кој традиционално се одржува во градот Струга - мојот град, градот на Миладиновци, а кои чувства да бидам искрен ми оставија вечен белег во моите сеќавања.